# КАРТИЧКА ЗА ПАЦИЕНТОТ

## Важни безбедносни информации за пациенти кои го примаат лекотУлтомирис (ravulizumab) ▼

▼ Овој лек подлежи на дополнително следење. Ова ќе овозможи брза идентификација на нови безбедносни информации. Може да помогнете со пријавување на било кои несакани дејства кои би можеле да се јават.

Ултомирис може да ја намали способноста на имуниот систем во борбата против инфекции, **посебно менингококна инфекција, која бара <u>итна</u> медицинска помош.**

Доколку имате било кој од следните симптоми, **морате веднаш да го информирате вашиот лекар или да побарате итна медицинска помош, по можност во поголем центар за итна медицинска помош:**

- главоболка со мачнина и повраќање
- главоболка со вкочанет врат или грб
- треска
- осип
- збунетост
- болка во мускули со симптоми слични на грип
- осетливост на очите од светлина

**Веднаш побарајте итна медицинска помош ако имате било кој од наведените знаци или симптоми и <u>покажете ја оваа картичка</u>.**

Носете ја оваа картичка со вас во текот на лекувањето и уште 8 месеци по последната доза на лекот Ултомирис. Ризикот од менингококна инфекција може да постои и неколку месеци по последната доза на лекот Ултомирис.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP * СКОПЈЕ

## КАРТИЧКА ЗА ПАЦИЕНТОТ

**Информации за лекарот кој го спроведува лекувањето**

**На овој пациент му е пропишано лекување со лекотУлтомирис (ravulizumab), кој ја зголемува склоноста на пациентот кон менингококна инфекција (*Neisseria meningitidis*) и други општи инфекции.**

- Менингококните инфекции можат брзо да станат опасни по живот или смртоносни доколку рано не се препознаат и лекуваат
- **Во случај на сомнеж за инфекција веднаш направете проценка и по потреба воведете лекување со соодветни антибиотици**
- Колку што е можно побрзо контактирајте го лекарот кој го пропишал лекот (контакт податоците се наведени подолу)

За повеќе информации за лекотУлтомирис прочитајте го Збирниот извештај за особините на лекот достапен на https://lekovi.zdravstvo.gov.mk/drugsregister/overview или контактирајте го носителот на одобрението за ставање на лек во промет: Амикус фарма дооел на телефон: 02 3286 400 или e-mail: medinfo.northmacedonia@swixxbiopharma.com

**Пациентите кои примаатУлтомирис треба секогаш да ја носат оваа картичка со себе. Покажете ја оваа картичка на секој лекар кој е вклучен во вашето лекување.**

**Име и презиме на пациентот** ______________________________

**Болница каде се лекува пациентот** ________________________

**Име и презиме на лекарот** _______________________________

**Број на телефон** ______________________________________

Доколку добиете некое несакано дејство разговарајте со вашиот лекар. Ова ги вклучува и сите можни несакани дејства кои не се наведени во упатството за пациентот. Несаканите дејства од лековите може да ги пријавите и во Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (ул.Св.Кирил и Методиј бр.54 кат 1) или по електронски пат преку веб страната на Агенцијата http://malmed.gov.mk/ или до носителот на одобрението за ставање на лекот во промет: Амикус Фарма дооел, бул. Партизански Одреди бр. 62 ламела Ц, мезанин бр. 3, влез 1, 1000 Скопје, Северна Македонија, одговорно лице за фармаковигиланца: Ксенија Мицкова Димитрова, телефон: 070 276 973,
е-пошта: ksenija.mickova-dimitrova@swixxbiopharma.com.

**Верзија 2, февруари 2024**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE * SHKUP * СКОПЈЕ